Врз основа на член 49 став 2 од Законот за студентскиот стандард (“Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13. 120/13. 41/14. 146/15. 30/16. 178/16. 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20, 302/20 и 235/24) и Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 220/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.48/21 и 93/23) и член 52 од Законот за научно-истражувачка дејност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/3, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/2020, 163/2021, 64/2024 и 235/2024) и член 4 од Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри (“Службен весник на Република Македонија” бр. 18/12, 64/13, 98/13, 70/14, 88/14, 74/15, 140/15, 178/15, 166/21 и 187/24), Министерството за образование и наука. донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за утврдување на начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студенти кои студираат во странство

1. Со ова Решение се утврдува начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студентите кои студираат во странство, а согласно „Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци”, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации и е важечка на денот на објавувањето на Конкурсите на Министерството за образование и наука за доделување стипендии за студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2025/2026 година (стипендии на првите сто рангирани универзитети според последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, стипендии од областа на филмската уметност на Film Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка, стипендии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција, драмската уметност и музиката) како и стипендии согласно Програмата за размена на студенти и научници како дел од билатералната соработка на Република Северна Македонија со Полска.

2. Износот на месечната стипендија се пресметува врз основа на следната формула, користејќи ги индексите од „Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци”, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации и е важечка на денот на објавувањето на Конкурсите за доделување стипендии за студии од прв, втор и трет циклус во странство за академската 2025/2026 година:

Индексот на трошоци за живот за Вашингтон, САД се множи со 10. Овој износ се множи со индексот за државата за која студентот добил стипендија. Производот се дели со 100 и се добива износ во американски долари. Овој износ во американски долари се пресметува во денари, според средниот курс на НБРСМ на денот на објавувањето на конкурсите за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2025/2026 година.

3. Износот утврден согласно формулата од став 2 на ова Решение се исплаќа месечно на добитници на стипендии, согласно Конкурсите на Министерството за образование и наука за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2025/2026 година.

4. Составен дел на ова Решение е Листата на трошоците за месечна стипендија на студентите кои студираат во странство избрани со Конкурсите за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2025/2026 година. Како референта листа на земји е земена листата на универзитети кои припаѓаат во првите сто рангирани универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет како и земјите на листата на факултети објавена согласно конкурсите за стипендии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија, и филмска продукција, драмската уметност и музиката за академската. За земјите кои не се наведени во листата ќе се применува формулата од став 2 на ова Решение.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**

**проф. д-р Весна Јаневска**
**с.р.**

**Месечни стипендии за учебната 2025/2026 година по земји**
**пресметани врз основа на„Листата на индекси на малопродажните цени**
**за животните трошоци“ која ја објавуваат надлежните органи**
**на Организацијата на Обединетите нации**
**според Индекс на ООН од октомври 2024 година и среден курс на УСД по НБРМ на 19.02.2025 година (=58.8612)**

| Земја | Референтен град | Износ на стипендиија во МКД |
|---|---|---|
| Австралија | Сиднеј | 49.741 ден. |
| Австрија | Виена | 51.788 ден. |
| Белгија | Брисел | 50.129 ден. |
| Босна и Херцеговина | Сараево | 44.817 ден. |
| Бразил | Бразилија | 44.651 ден. |
| Бугарија | Софија | 47.971 ден. |
| Јужна Кореа | Сеул | 50.793 ден. |
| Канада | Монтреал | 49.077 ден. |
| Кина | Пекинг | 49.077 ден. |
| Кина, Хонг Конг | Хонг Конг | 52.176 ден. |
| Чешка Република | Прага | 46.587 ден. |
| Данска | Копенхаген | 51.844 ден. |
| Финска | Хелсинки | 49.852 ден. |
| Франција | Париз | 50.295 ден. |
| Германија | Бон | 45.702 ден. |
| Унгарија | Будимпешта | 50.793 ден. |
| Ирска | Даблин | 44.374 ден. |
| Израел | Ерусалим | 51.180 ден. |
| Италија | Рим | 45.094 ден. |
| Холандија | Хаг | 47.417 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Норвешка | Осло | 51.290 ден. |
| Полска | Варшава | 47.860 ден. |
| Руската Федерација | Москва | 50.737 ден. |
| Сингапур | Сингапур | 50.737 ден. |
| Словачка | Братислава | 47.971 ден. |
| Словенија | Љубљана | 45.370 ден. |
| Шпанија | Мадрид | 44.098 ден. |
| Шведска | Стокхолм | 47.085 ден. |
| Швајцарија | Женева | 58.871 ден. |
| Турција | Анкара | 47.141 ден. |
| Обединето Кралство | Лондон | 52.342 ден. |
| САД | Вашингтон | 52.784 ден. |
| Јапонија | Токио | 44.983 ден. |
| Саудиска Арабија | Ријад | 47.915 ден. |
| Аргентина | Буенос Аирес | 49.243 ден. |
| Хрватска | Загреб | 48.413 ден. |